111Н/б.
67 ССА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

У-6.бр.1724/2020

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телеграфчиска - претседател на советот, Рамије Цара и м-р Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар - судски соработник Анета Стевановиќ, решавајќи по Барањето за донесување на времена мерка со кое ќе се забрани на договорниот орган Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост, Скопје, да го реализира договорот за предметната јавна набавка склучен помеѓу договорниот орган и економскиот оператор кој е избран како најповолен понудувач – носителот на набавката, а се до донесување на правосилна пресуда по тужбата на тужителот, поднесено од тужителот Друштво за трговија на големо и мало МАК АУТОСТАР ДООЕЛ Скопје, поднесено од полномошник - Адвокатско друштво „НИКОЛА ДОДЕВСКИ“ од Скопје, на нејавна седницата на советот одржана на 22.10.2020 година, согласно член 29 став 2 во врска со член 31 став 2 од Законот за управните спорови, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за донесување на времена мерка со кое ќе се забрани на договорниот орган Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост, Скопје, да го реализира договорот за предметната јавна набавка склучен помеѓу договорниот орган и економскиот оператор кој е избран како најповолен понудувач – носителот на набавката, а се до донесување на правосилна пресуда по тужбата на тужителот, СЕ ОТФРЛА.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со тужба за управен спор заведена под У6.бр.1725/2020, ја оспорува законитоста на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки број 09-776/7 од 10.09.2020 година поради суштествени повреди на одредбите на постапката која му претходела на донесувањето на оспореното решение, погрешно и нецелесоно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Предлага, Судот тужбата да ја уважи, оспореното решение го поништи и да ја реши управната работа во полна јурисдикција на начин што ќе ја усвои жалбата од тужителот и ќе ја поништи постапката за јавна набавка во врска со Огласот за јавна набавка бр.09901/2020 за набавка на теренски возила (пет теренски возила за превоз на патници кои сообраќаат по површински коп/рудник во исклучително тешки услови за работа) на договорниот орган Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост, Скопје.

Кон тужбата тужителот достави и посебно барање - Барањето за донесување на времена мерка со кое ќе се забрани на договорниот орган Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост, Скопје, да го реализира

договорот за предметната јавна набавка склучен помеѓу договорниот орган и економскиот оператор кој е избран како најповолен понудувач – носителот на набавката, а се до донесување на правосилна пресуда по тужбата на тужителот, заведено во Судот под У-6.бр.1724/2020.

Управниот суд постапувајќи по Барањето за издавање на времена мерка на тужителот, најде:

Барањето за издавање на времена мерка треба да се отфрли како неуредно.

Согласно член 3 став 1 точка 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на РМ“ бр.96/2019), во управен спор судот одлучува за законитоста на конечните поединечни управни акти кои директно влијаат на правниот статус на тужителот, односно со кои се решава за правата, обврските и правните интереси на тужителот.

Согласно член 28 став 1 од истиот Закон, тужбата по правило не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон не е поинаку уредено.

Согласно член 29 став 5 од наведениот Закон, на барање на тужителот, судот ќе го одложи извршувањето на оспорениот акт до донесувањето на правосилна одлука, доколку со извршувањето на актот би му се причинила на тужителот штета кој тешко може да се надомести.

Согласно член 31 став 1 од наведениот Закон, Доколку тужбата не ги содржи задолжителните елементи од член 25 став (1) од овој закон или е нејасна, судот ќе побара тужителот да ги отстрани таквите недостатоци во одреден временски рок што судот ќе го определи, и истиот ќе биде опоменат за последиците од непостапување согласно напатствијата на судот. Согласно став 2 од истиот член, Доколку тужителот не ги отстрани недостатоците во определениот рок, а природата на недостатоците го спречува судот во постапувањето по предметот, судот ќе донесе решение со кое ќе ја отфрли тужбата како неуредна, освен во случај кога ќе утврди дека оспорениот управен акт или договор е ништовен.

Судот имајќи ги предвид погорецитираните законски одредби најде дека во смисла на член 29 став 5 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/2019), постојат недостатоци што го спречуваат постапувањето по истото од причини што, со барањето за издавање на времена мерка тужителот бара Судот да донесе времена мерка со која ќе се забрани на договорниот орган Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост, Скопје, да го реализира договорот за предметната јавна набавка склучен помеѓу договорниот орган и економскиот оператор кој е избран како нјповолен понудувач – носителот на набавката, а не на конечен акт во управната постапка кој е предмет на поднесената тужба У6.бр.1725/2020.

Исто така, Судот утврди дека, тужбата со барањето за издавање времена мерка не е уредна согласно член 25 од Законот за управните спорови, односно во истата не е наведена вредност на предметот на спорот.

Поради наведеното, Судот до полномошникот на тужителот Адвокатско друштво „НИКОЛА ДОДЕВСКИ“ од Скопје достави барање за уредување на предметното Барање за донесување на времена мерка заведено под У-6.бр.1724/2020 од 14.10.2020 година, уредно примено на ден 15.10.2020 гдина.

Постапувајќи по наведеното барање за уредување на предметното Барање за донесување на времена мерка, полномошникот на тужителот на ден 20.10.2020 година до Управниот суд достави Поднесок за уредување на тужба и времена мерка и во истиот ја определи вредност на предметот на спорот во износ од 300.000,00 евра во денарска противвредност, односно 18.450.000,00 денари, без притоа да го прецизира барањето за издавање на времена мерка во смисла на доставеното барање за уредување на времена мерка на Управниот суд заведено под У-6.бр.1724/2020 од 14.10.2020 година.

Имајќи предвид дека во смисла на член 29 став 5 од Законот за управните спорови, со тужба за поведување на управен спор може да се бара поништување на поединечен управен акт или негово огласување за ништовен, а со оглед дека времената мерка е врзана за тужбата против актот што е предмет на тужба односно времена мерка е секогаш во функција на тужбата, а како тужителот во доставениот поднесок не постапи во целост по барањето на судот за уредување на предметното Барање за донесување на времена мерка заведено под У-6.бр.1724/2020 од 14.10.2020 година односно повторно не го прецизира во смисла на наведеното барање за уредување на времена мерка, Судот најде дека тужителот не ги отстрани недостатоците од барањето за издавање времена мерка, а тие се такви што ја спречуваат работата на судот, поради што согласно член 31 став 2 од Законот за управните спорови, одлучи како во диспозитивот на решението.

Со оглед дека при одлучувањето судот го отфрли Барањето за издавање на времена мерка како неуредно, судот го донесе решението без да одржи расправа.

РЕШЕНО ВО УПРАВЕН СУД на 22.10.2020 година под У-6.бр.1724/2020.

Записничар - виш судски соработни
Анета Стевановиќ

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение е дозволена жалба во рок од 3 дена од денот на доставувањето на истото, преку овој суд до Вишиот управен суд.

Решението да се достави на:
- тужителот-преку полномошник
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

РН /

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT GJYKATA ADMINISTRATIVE SHKUP
10

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник
4